| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните наши пријатели |
| **Содржина на денот** | Малиот хор од селскиот двор |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување кога сме во контакт со некое домашно животно или домашно милениче. |
| **Активности** | Активноста ќе започне со краток воведен разговор по слика или домашни животни –играчки (именување и опишување). Водете разговор за карактеристиките на домашните животни, за грижата кон нив и користа што ја има човекот од нив. Детето поттикнете го на самостоен правилен говор да ги кажува веќе стекнатите знаења за животните.<br>Потоа играјте ја играта „Погоди кое животно сум јас“ , така што детето ќе слуша звуци од домашни животни кои може да ги пуштите од некоја звучна сликовница или пак од интернет и детето ќе треба да погоди за кое домашно животно станува збор и да каже некоја карактеристика за истото.<br>Активноста нека продолжи со обработка на песната „Малиот хор од селскиот двор“. Започнете со вежби за правилно држење на телото при пеење и со вежби за правилно дишење. Потоа слушнете ја песната неколку пати, објаснете ја содржината и непознатите зборови и на крајот меморирајте го текстот. На крајот пејте ја песната во придружба на музика заедно со детето се додека има интерес.<br>Активноста завршете ја со изработка на домашно животно „Овца“, така што на исцртана контура на овца детето ќе лепи памук со лепило на животното, но да внимава да не излегува надвор од исцртаната линија.<br>На крајот секогаш пофалете ја изработката на детето.<br><br>‣Во прилог линк од песната:<br>„Малиот хор од селскиот двор“<br>https://www.youtube.com/watch?v=PNiseYO0L74 |